
Живот во Чешиново - Облешево
ЗА СИТЕ
19
СДСМ
Горанчо
Крстев - Грга



**Прочитајте ја Програмата „Живот за сите“, бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.**

**Драги граѓани на Република Македонија,**

заедно ја освоивме слободата, ја ослободивме заробената држава, ги враќаме човечките и демократските вредности во нашиот живот. А, животот, мораме да го подобриме насекаде, и во моите Струмица и Муртино, и во Охрид, Прилеп, Тетово, Битола, Куманово, Струга, Штип, Арачиново, Конче, Баница, Ваташа, Ботун, Липково, Кучевиште, Оризари, Секирци, Мешеишта, Шишево... низ целата наша убава Македонија.

Промените се тука, и продолжуваат!

На сцената е нова, одговорна и домаќинска власт, која е свртена кон потребите на граѓаните. Достапна за сите нив, отворена и отчетна. Новата политика, е политика од збор. Новата политика значи служење на граѓаните, а не владеење.

Домаќински ги намаливме трошоците на функционерите и обезбедивме вашите пари да ви се вратат вам преку поголема минимална плата, поголеми субвенции за земјоделците, преку новите политики за економски раст, поддршката за домашните фирми, преку укинување или намалување на разно-разните давачки.

Ајде да ја продолжиме оваа наша заедничка акција наречена „Живот во секоја општина, живот за сите!“. Во секоја урбана и месна заедница, во секое маало.  Заедно со вас и со нашите луѓе можеме да го направиме тоа.

Инфраструктура за сите - градиме по план, квалитетно, одговорно и домаќински.

Здрава животна средина за сите – преземаме итни мерки за да обезбедиме чиста вода и чист воздух.

Можности за сите - насочуваме повеќе пари кај општините, за да има повеќе пари за граѓаните. Сето ова, во отворени и услужни општини.

Ја барам вашата поддршка, за да живееме добро и достоинствено сите, каде што сме родени, каде што учат нашите деца, каде што работиме, во современи општини, во нашата Република Македонија.

Прочитајте ја Програмата “Живот за сите”, бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.

Ваш,
**Зоран Заев,**
**Претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија**

Почитувани граѓани,

Имајќи го во предвид стагнирањето на нашата општина во изминатите 8 години беше мотив повеќе да ја барам Вашата доверба за градоначалник на општина Чешиново-Облешево .

Во изминатиот период во нашата општина владееше, криминалот, корупцијата, непотизмот и неспособноста. Период кој ние граѓаните на општина Чешиново-Облешево треба што побрзо да го заборавиме. Во изминатите 8 години наместо да се грижат за нас граѓаните на општина Чешиново-Облешево, тие се грижеа за свои лични потреби и задоволување на потребите на нивните најблиски.

Затоа почитувани граѓани треба да им застанеме на патот по кој ја водеа нашата општина и да отпочне општина Чешиново-Облешево да се движи кон патот на една модерна и просперитетна Европска општина.

За да ја оствариме нашата цел ја Барам довербата за проектите кои ќе го вратат животот во општина Чешиново-Облешево.

Во нашата заедничка програма која е составена заедно со Вас граѓаните се опфатени проекти за сите населени места во општина Чешиново-Облешево. Проектите се различни за секое населено место, во согласност од потребите на Вас граѓаните.

Почитувани граѓани, ја барам Вашата поддршка, заедно и сплотени да го вратиме животот во општина Чешиново-Облешево.

Ваш,

**Горанчо Крстев - Грга**



> **Во нашата заедничка програма која е составена заедно со Вас граѓаните се опфатени проекти за сите населени места во општина Чешиново-Облешево.**



**Гласај за тимот што победува, гласај за себе, гласај за ЖИВОТ во Чешиново-Облешево.**



## СОВЕТНИЧКА ЛИСТА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА И КОАЛИЦИЈАТА ЗА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

1. **Игор Нисов**
2. Стојан Ангелов
3. Румена Стојанова
4. Борче Јованов
5. Јорданчо Сандев
6. Николина Величкова
7. Иван Митков
8. Александра Јованова
9. Валерија Крстева
10. Саше Донев
11. Јасминка Арсова

**Живот во Чешиново - Облешево**
*ЗА СИТЕ*

## ГРАДИМЕ ПО ПЛАН
ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕ

- Ја приспособуваме целата постојна урбана и рурална инфраструктура да биде во функција на потребите на граѓаните.
- Градиме одговорно, квалитетно и домаќински, за секој граѓанин да добие решение кое ќе му го подобри животот во неговата средина.
- Новите локални власти носат планови и проекти за патишта, улици, канализации, водоводи, градинки, училишта, спортски терени и гасна мрежа.
- Ги намалуваме разликите помеѓу градските и селските средини.
- Градиме по план, обезбедуваме инфраструктура за сите.





## ЧИСТА ВОДА И ЧИСТ ВОЗДУХ
### ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

- Обезбедуваме чиста и здрава вода за пиење и чист воздух, зашто тие се клучни за здравје и за живот. За нас ништо не е поважно од здравјето на луѓето.
- Граѓаните се јасни и сериозни во своите барања, а ние одговорно го слушаме и го разбираме крикот за чиста животна средина.
- Создадовме план и проекти за зголемен капацитет и за професионална услуга на јавните комунални претпријатија, преку намалени трошоци за граѓаните.
- Се обврзавме постојано и навремено да ги чистиме депониите и каналите, да вложуваме во колекторски системи, пречистителни станици, регионални фабрики за третман на цврстиот комунален отпад и во енергетски ефикасни објекти.
- Обезбедуваме услови за здрав живот за сите.

## ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ГРАЃАНИТЕ
### МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

- Ја активиравме спиралата на покачување на платите. Носиме директна поддршка за домашните фирми, пред сè за малите и средните претпријатија.
- Обезбедуваме повеќе пари за општините, а со тоа и повеќе можности и повеќе пари за секој граѓанин на локално ниво.
- Обезбедуваме еднакви услови и за странските инвеститори.
- Вложуваме во младите, отвораме центри за отпочнување и развој на бизниси.
- Ги здружуваме бизнисите, општината и граѓаните, со единствена цел – нови и подобро платени работни места.
- Ја вклучуваме бизнис заедницата во дефинирање на приоритетите на општината и воведуваме бизнис форуми како редовна активност за проектирање и следење на локалниот економски развој.
- Посветената и одговорна работа ги носи парите директно кај граѓаните.





## ОТВОРЕНА И УСЛУЖНА
### ОПШТИНА ЗА СИТЕ

- Ја отвораме локалната самоуправа за да може секој граѓанин да добие навремени, квалитетни и евтини услуги.
- Ја враќаме моќта на месните и урбаните заедници, ги опремуваме со технички услови и го зајакнуваме нивниот правен статус.
- Граѓаните ќе ги добијат сите потребни услуги на едно место, и од органите на локалната, и од органите на централната власт во современи центри за услуги.
- Воведуваме електронски систем на услуги и мобилни канцеларии кои ќе нудат услуга во секое село.
- Ги вклучуваме граѓаните во креирањето на буџетот, во носењето одлуки и во контролата на власта.
- Буџетските средства ќе се користат строго наменски, транспарентно, домаќински и одговорно, преку редовно известување за сработеното.
- Обезбедуваме ефикасен јавен превоз, пријатни детски градинки, чисти и загреани училишта. Обезбедуваме поддршка и помош за најзагрозените семејства и за лицата со посебни потреби.
- Ги поддржуваме и поттикнуваме сите демократски механизми како петиции, претставки, граѓански иницијативи, собири на граѓани и референдуми.
- Воведуваме нов модел на отворена и услужна локална самоуправа – општина за сите.

# НОВИТЕ ПОЛИТИКИ НА НОВИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК

Живееме во земјоделско ориентирана општина чија што економија во најголем дел се базира на оризопроизводство како и на други споредни култури. Досегашното управување со



општината се базираше пред сè на проекти во кој што крајниот бенефитори не беа граѓаните, туку владејачката елита предводена од досегашниот градоначалник. Општинските средства нерационално се користеа за популистички трошења кои што ниту се приоритет на граѓаните, а уште помалку механизам за подобрување на живото на истите.

Темел на нашата програма и дејствување ќе бидат пред сè проекти од кои што директни бенефитори ќе бидат граѓаните во нашата општина. Развојниот потенцијал на општината ќе го трасираме пред сè за максимално искористување на нашите ресурси, како и за искористување на човечкиот и бизнис потенцијал, со проекти насочен кон релаксирање на бизнис климата во делот на земјоделието на начин што земјоделецот ќе биде поддржуван и стимулиран со сите секундарни потреби, за да може да стави акцент на квалитетно производство, без дополнителни оптоварувања, кои што директно можат да го ограничат во таа намера.

Одливот на млади кадри како сериозен проблем во изминатиот период ќе биде приоритетен проблем за решавање на начин што ќе се обезбедат сите потребни услови да младите својата иднина и перспектива ја градат токму во нивната родна општина.

Новата локална самоуправа има за цел да биде рамноправен партнер со секој граѓанин и стопанственик што поседува добра бизнис идеа, со помош и стимулирање во нејзината реализација, при што ќе се приоритизираат проекти кои што се трудово и капитално интензивни, а ресурсите ќе можат да се обезбедат токму од нашата општина. Ова би значело начин за подобар економски раст, и зголемување на бројот на вработени.

И покрај тоа што нашата општина е пред сè од рурален карактер, функционирањето на урбаните заедници е од битно значење, па за таа цел ќе се подигнат на ниво во кое општината ќе биде директен партнер на еднакво ниво, без било какви елементи на субординација.

# КЛУЧНИ ПРОЕКТИ

## РЕГИОНАЛЕН ВОДОВОД

Поврзување на водоводната мрежа со регионалниот водовод на општина Кочани за низинските села.

Поради потребата за чиста вода за пиење има изграден главен цевковод од Кочани до центарот на општина Чешиново-Облешево на кои треба да се приклучат неколку населени места.

**Целна група: Населените места Облешево, Чешиново, Чифлик, Уларци.**

**Рок: 2018-2019 година**



## ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

За неколку населени места изградба на пречистителна станица со испуштање на пречистената вода во р. Брегалница.

Со овој проект е предвидено да се изгради канализациона мрежа во населените места Облешево, Бања, Спанчево, Соколарци, Жиганци, Уларци, Бурилчево, Теранци. Со тоа ќе се реши еден горлив проблем на жителите и ќе се намали загадувањето на водите и почвата.

**Целна група: Населено место Облешево, Бања, Спанчево, Соколарци, Жиганци, Уларци, Бурилчево, Теранци.**

**Рок: 2018-2020 година**



## ИЗГРАДБА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Асфалтирање на локалните патишта од едно до друго населено место.

Потреба на граѓаните за брз транспорт на земјоделските производи до преработувачките капацитети и до индустриската зона.

**Целна група: Сите жители**

**Рок: 2018-2021 година**



# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА Р. БРЕГАЛНИЦА И КОЧАНСКА РЕКА

Изградба на каскади за спречување на ерозија и наводнување на оризовите полиња.

Регулирање на речното корито со наведените каскади со цел да не се промени текот на речното корито.

**Целна група: Населените места кои се опфатени со текот на реките**

**Рок: 2018-2020 година**

## ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОДВОДНИТЕ КАНАЛИ И ИСКОП НА НОВИ

Во општината егзистенцијата на населението е од земјоделска дејност, а се соочува со сушни периоди и поплави потребно е да се регулира одводот и доводот за наводнување и одводнување на земјоделските површини.

Заштита од поплави и интервенција во сушни периоди.

**Рок: 2018-2019 година**

## ПОШУМУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО

Со овој проект ќе се уреди речното корито, но и ќе придонесе за амбиенталниот изглед на нашата општина.

За да се спречи штетата од ерозија на плодни површини, патишта, населени места.

**Целна група: Сите жители**

**Рок: 2018-2019 година**

## ПОШУМУВАЊЕ НА РИДСКИ МЕСТА

Со пошумувањето на голините, општината ќе се заштити од поплави, а и ќе придонесе за повеќе чист воздух.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2018 година**

## ОБНОВУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ИГРАЛИШТА И ИЗГРАДБА НА НОВИ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА.

За спорт на рекреација на граѓаните.

**Целна група: ?**

**Рок: Во првите две години од мандатот.**

## ИЗГРАДБА НА НАЈМАЛКУ ТРИ ПАРКОВИ

За рекреација на граѓаните.

**Целна група: За сите граѓани во општината.**

**Рок: 2018-2019 година**

## ОТВОРАЊЕ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА

Изградба на преработувачки капацитети за земјоделските производи.

**Целна група: Земјоделците**

**Рок: Во текот на мандатот.**

## ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН РЕГИОНАЛНИОТ ГАСОВОД

За потребата на домаќинствата.

Првенствено за заштедување.

**Целна група: Сите граѓани.**

**Рок: Во текот на мандатот.**

## ОТВОРАЊЕ ПУНКТОВИ ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ.

Со овој проект е предвидено отворање на пунктови за откуп на земјоделските производи. Со тоа ќе се реши проблемот со пласманот на земјоделците од општина Чешиново Облешево.

За потребите на земјоделците.

**Целна група: Земјоделците.**

**Рок: Во текот на мандатот.**

## ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Центарот за социјална работа е потребен за спроведување на социјална заштита и стручната работа при што открива, следи и проучува социјални појави и други проблеми, применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин, семејство и група на население, ја развива превентивната работа и сл.

**Целна група: Сите жители**

**Рок: 2018 година**

## РЕСТАРТИРАЊЕ НА БАЊАЛОШКИОТ ЦЕНТАР БАЊА.

Првенствено за искористување на геотермалните води.

За рехабилитација.

**Целна група: Сите граѓани.** **Рок: Во текот на мандатот.**

# МЕСНИ ПРОЕКТИ

## ЧЕШИНОВО

1. Изградба на атмосферска канализација
2. Водовод

## ОБЛЕШЕВО

1. Водовод
2. Неколку канализациони краци
3. Отворање на народна кујна за социјални случаеви

## СПАНЧЕВО

1. Фекална канализација
2. Водовод
3. Изградба на парк

## СОКОЛАРЦИ

1. Фекална канализација
2. Детска градинка

## ЖИГАНЦИ

1. Фекална канализација

## БАЊА

1. Фекална канализација
2. Реконструкција на бањата
3. Обновување на училиште

## ЧИФЛИК

1. Водовод
2. Пречистителна станица

## ТЕРАНЦИ

1. Изградба на улици
2. Фекална канализација

## УЛАРЦИ

1. Водовод
2. Доградба на црквата

## КУЧИЧИНО

1. Изградба на повеќенаменско игралиште

## СЕЛО БУРИЛЧЕВО

1. Водовод и канализација
2. Целосна реконструкција на постоечките улици!
3. Целосна доградба и комплетно оспособување на црквата.